Врз основа на член 37-и, 37-ј, 37-к од законот за јавни претпријатија, (Сл.В. бр 38/96, 35/19, 275/19 и последната измена бр.89/22), член 20 од Законот за вработени во јавниот сектор ( Сл.В. бр 27/14, 14/20, 215/21, 99/22 и последната измена бр.159/22),член 22 и 23 од Законот за работни односи (Сл.В.бр 62/05, 110/19, 267/20 и последната измена бр.288/21) ,В.Д Директорот на МЈП ПЕЛАЛИНК Битола објавува

ЈАВЕН ОГЛАС БР 1-7/2023

За вработување на даватели на услуги на неопределено време за следното работно место:

**Возач на автобус за јавен превоз** ( шифра КДР 03 05 Б02 116)----------------- 9 извршители

Општи услови

1. Државјани на Република Македонија
2. Активно користење на македонскиот јазик
3. Да имаат општа здравствена способност за работното место- Возач на автобус
4. Со правосилна судска пресуда да не им е изречена казна забрана на вршење на професија, дејност или должност
5. Да е полнолетен

Посебни услови

1. Најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование.
2. Минимум работно искуство на струката: 2 години јавен/ приватен сектор
3. Возачка дозвола – категорија Д или Д1

Работната недела трае 5 работни дена, од понеделник до петок. Работното време изнесува 40 часа неделно. Имајки ја во предвид спецификата на работата, и потребите за превоз на учениците во смени, работното време започнува во зависност од должината на релацијата, а релацијата се изведува според возниот ред. Ефективното работно време во текот на денот не трае подолго од 8 часа. За работа за време на неделен одмор и за време на празници утврдени со закон работникот има право на додаток на плата кој се вреднува во износ од 50% од износот на основната плата по час, а прекувремната работа во работен ден се вреднува во износ од 35% од исносот на основната плата по час.

Напомена: Согласно Годишниот план за работа и МИОА Балансер, национална припадност на лицата за вработување треба да е 8(осум) Македонци/ки и 1(еден) Ром/ка.

Паричниот износ на основната плата изнесува 23.000 денари,плус додаток од минат труд по 0,5% за секоја година работен стаж.

бул. 1-ви Мај бр. 61, 7000 Битола, Република Северна Македонија, тел/факс: +389 75 201 342, e-mail: mjppelalink@gmail.com
ЕДБ МК4002021563622, жиро с-ка: **270-0752092101-38**, Халк Банка АД Скопје
адреса за контакт: ул. Бул 1-ви Мај 61, 7000 Битола

Постапката за селекција на вработување на даватели на услуги во МЈП се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите во јавниот оглас, проверка на приложените докази во пријавата и интервју.

Огласот трае 15 ( петнаесет ) дена сметано од денот на објавувањето на огласот во дневниот печат во три дневни весници од кои еден од весниците што го издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот.

Со пополнетата пријава кандидатите треба да ги достават сите документи за исполнување на потребните услови за работното место во оригинал или копија заверена на нотар:

- Уверение за државјанство
- Доказ дека со правосилна пресуда не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност
- Лекарско уверение за општа здравствена способност за возач на автобус
- Диплома за завршено соодветно образование, ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование
- Потврда за работно искуство (Извод од историјат од Центар за вработување или М1/ М2)
- Пополнета пријава за вработување

Пријава може да се подигне секој работен ден од 9,00 до 14,00 часот од седиштето на претпријатието со адреса Бул. 1 Мај 61, Битола или да се преземи од WEB страната на Општина Битола, Општина Могила и Општина Новаци.

Кон пријавата, кандидатите задолжително ги приложуваат потребните докази за податоците внесени во истата.

Кандидатите се должни под матерјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни со оригиналот.

Пријавите со потребната документација, кандидатите да ги достават во седиштето на претпријатието во Општина Битола на ул. Бул. 1- ви Мај 61 Битола.

МЈП ПЕЛАЛИНК Битола
В Д Директор
Зоран Алексовски